во зависност од обезбедувањето на преведувач.

По 11 — дневниот престој во Скопје советските студенти во придружба на предавачот м-р Станко Станковски, заминаа за Охрид каде што им беа одржани предавања за спомениците на архитектурата во Охрид, потоа за археолошките споменици и другите знаменитости и културно-историски споменици во Охрид и неговата околина.

На 2 октомври, по враќањето од Охрид, гостите од СССР заминаа од Скопје за Дубровник пак во придружба на предавачот м-р Станко Станковски. Таму тие беа запознати со историјатот за постанокот и развојот на градот Дубровник и ги посетија музеите и другите културно-историски споменици на градот.

Од Дубровник групата замина за Белград на 5 октомври 1977 година. Во главниот град на Југославија тие останаа до 9 октомври. Притоа го посетија Универзитетот во Белград каде што ислушаа некои предавања и ги разгледаа културните установи и културно-историските споменици во градот.

М-р Кочо СИДОВСКИ

## ЗА ИЗЛОЖБАТА „НИКОЛА КАРЕВ И НЕГОВОТО ВРЕМЕ"

Годинава се навршуваат 100 години од раѓањето на македонскиот социјалист и револуционер Никола Карев (1877 — 1905). По тој повод, во нашата Република беа одржани повеќе одбележувања, меѓу кои и изложбата на тема „Никола Карев и неговото време" во организација на Историскиот музеј на Македонија од Скопје и Републичкиот одбор при ССРНМ. Изложбата беше на свечен начин отворена во просториите на музејскиот комплекс на „Музеите на Македонија" во Скопје на 10. XI. 1977 година во присуство на највисоките политички раководители, културните и на други работници од Републиката.

Изложбата опфаќа животот и делото на Никола Карев како и настаните во неговото време и потоа, преку презентирање на музејски експонати: фотографии, документи, предмети и друг визуелен материјал.

Најпрвин поместуваме некои од тезите на музеолошката концепција, и тоа по паноите:

**— Уводниот текст за Никола Карев и за генерацијата на која и припаѓал и тој;**

— Портретот на Никола Карев со мислата „... Да не чекаме слобода ниту од Грците, ниту од Бугарите, а самите ние Македонците да се бориме за наша Македонија..."

— Карта на Македонија со географско-етничките граници во почетокот на XIX век;

— Турскиот терор во Македонија кон средината на XIX век. Семејството Каревци побарало спас со бегство од с. Селце во Крушево. Школувањето на Никола Карев и родната куќа во Крушево;

— Заминувањето на Никола Карев на печалба во Софија. Станал член на Македонската социјалистичка група на Васил Гла-

винов. Печатот и портрети на неколку македонски социјалисти;

— Враќањето на Никола Карев во Македонија, во родното Крушево. Во Битола го дооформил образованието и станал учител. Одржувањето на Првата социјалистичка конференција (3. VI. 1900) во месноста „Житошкиот синор";

— Развивајќи широка социјалистичка пропагандна дејност, во Битола, Никола Карев влегол во редовите на Внатрешната револуционерна организација. Станал учител во с. Горно Дивјаци (Крушевско). Востанички чети на битолскиот револуционерен округ;

— Во 1902 година во с. Ракитници ( Демирхисарско) во борбата против турскиот аскер загинал македонскиот социјалист и револуционер Веле Марков;

— Учеството на Никола Карев на Смилевскиот конгрес 1903 година. Неговото противставување против предвремено и натурено од врховистите, востание. Неговото потчинување на решението на мнозинството. Подготвување за востание во крушевскиот реон. Решение на Смилевскиот конгрес;

— Повик на штабот на Илинденското востание. Предмети пред кои востаниците полагале заклетва;

— Обиколување на крушевските села во кои Никола Карев го повикувал населението на подготовки за престојното востание. Месноста „Биринска корија", собирното место на востаниците и портрети на неколку први востаници;

— Востанички чети на крушевски револуционерен реон;

— Повик на Штабот на Горското началство на Крушевскиот регион за дигање на востание. Востанички штаб во Крушево 1903. Крушевски војводи;

— Никола Карев на чело на востанието во Крушевскиот револуционерен реон. Ослободување на Крушево. Прогласувањето на Крушевската република. Образување на привремен извршен совет од шест члена;

— Текст на Крушевскиот манифест;

— Напад на турската војска на Бахтијар паша и на башибозуците на Крушевската република. Борби меѓу востаниците и турските војски. Заземање на Крушево од страна на турските војски. Сурови и безмилосни репресалии на турските војски врз населението на Крушево и околијата;

— Заминувањето на Никола Карев, најпрвин за с. Горно Дивјаци, а потоа во Белград и во Софија. Загинувањето на Никола Карев на 27 април 1905 година кај село Рајчани (Кочанско);

— Одгласот на Илинденското востание и на Крушевската република во светот и кај југословенските народи и во извештаите на странските конзули од Македонија;

— Продолжување на борбата на македонскиот народ по задушувањето на Илинденското востание 1903 година за своето национално, социјално и економско ослободување. Настојување на буржуаските влади на Бугарија, Србија и Грција да го денационализираат македонскиот народ;

— Доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ во 1937 година. Успехот на партиските организации во Македонија во организирањето на првомајските и илинденските демонстрации во сите градови на Македонија. Прослава на Илинден во времето на Шпанската војна, организирана од страна на македонци — учесниците во војната;

— Илинденски традиции во времето на Народноослободителната борба и народната револуција. Формите преку кои било одбележувано и прославувано националноослободителното движење во НОВ во Македонија.

— Во знак на пиететот на Илинден и на Крушевската република во социјалистичката самоуправна Македонија. Изградени споменици, ликовни творби, училишта и улици што носат имиња на познати дејци и др.;

— Од посетата на Претседателот на Републиката Јосип Броз Тито во Крушево на 3 август 1969 година. Фотографии на Крушево што Тито ги снимил и самиот ги изработил;

— Претседателот Тито им одава почит на хероите на Илинден и на Крушевската република пред споменикот на Никола Карев во Крушево. Изјавата на другарот Тито: „Во својата национална, социјалистичка и демократска револуција, со Илинденското востание и со прогласувањето на Крушевската република, дојде до израз решеноста на македонскиот народ, без оглед на огромните пречки, да се избори за национална самостојност и, како слободен народ, да соработува врз основите на рамноправноста со сите балкански и други народи".

Во слободниот простор, во три витрини изложени се оригинални предмети од времето на Крушевската република, неколку предмети што му припаѓале на Никола Карев, како и дел на објавените прилози во македонската историографија врзани за неговото дело и за настаните од тоа време.

На изложбата посетителот има можност да го види и реконструираното легендарно црешево топче, неколку уметнички творби на тема Илинден, како и зголемената уметничка творба „Мечкин камен" изработена од ликовниот уметник Борко Лазески. Сето ова остава пријатен впечаток на посетителите и претставува своевидно дополнине на музејската експозиција.

Изложбата „Никола Карев и неговото време" претставува не само прилог кон одбележувањето на јубилејот, туку преку неа се пренесуваат духовните вредности на материјали за една историска личност и за настаните од историјата на македонскиот народ.

Замислата на организаторот е изложбата да гостува во повеќе места во Републиката, а потоа да биде оставена на подолго време на градот Крушево.

Денес, изложбата „Никола Карев и неговото време", добива уште повеќе своја полна вредност, потврда и афирмација во оваа јубилејна година на 40 годишнината од доаѓањето на другарот Тито на чело на КП на Југославија и неговиот 85-ти роденден.

Ѓ. МИЉКОВИЌ